# ПОЛИТИКА
## ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

---

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 26.04.2024 ја донесе следната

# ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА[1]

Ние, АЛКАЛОИД, целосно сме посветени на обезбедување здрава и безбедна работна средина за сите вработени, добавувачи, посетители и други внатрешни и надворешни засегнати страни од нашето работење. Оваа политика се однесува на сите активности кои ги спроведува нашата компанија и ги опфаќа сите вработени, без разлика на нивната улога или ниво во истата.

Воспоставениот систем за управување со безбедност и здравје при работа, е дел од Интергриран Менаџмент систем на Алкалоид, и е дизајниран да спречи повреди на работното место, болести поврзани со работата и да промовира безбедносна култура во рамки на компанијата преку исполнување на законските и други барања, кои се темелат на следните принципи:

- Управување со ризиците и можностите од аспект на безбедност и здравје при работа во системот на управување;
- Мониторинг на условите во работната средина;
- Безбедност на опремата за работа и инсталациите кои се користат;
- Дефинирање на организациски улоги, одговорности и овластувања;
- Обезбедување на соодветни обуки и тренинг за безбедно извршување на работните активности;
- Потикнувања на учество на вработените и нивните преставници во примена, одржување и развој на системот за управување со безбедност и здравје при работа;
- Оперативното планирање и надзор при примена на системот за управување со безбедност и здравје при работа;
- Проверки на ефикасноста на воспоставениот систем и негово континуирано подобрување;
- Комуникација со сите засегнати страни;
- Соодветност на ресурсите кои се користат и ангажираат;
- Подготвеност за реагирање во вонредни ситуации.

Посветени сме на усогласеност со законските прописи и меѓународниот стандард за управување со безбедност и здравје при работа, ISO 45001:2018. Постојано ги следиме и преиспитуваме процесите и активностите за да обезбедиме усогласување со најновите стандарди и примена на најдобрите практики за безбедност и здравје при работа.

Сите вработени се задолжени за:

- Континуирана примена и подобрување на утврдените постапки за безбедност и здравје при работа;
- Преземање активности за зголемување на безбедноста и здравјето при работа, согласно своите одговорности;
- Водење грижа за спречување на загрозување на безбедноста и здравјето на луѓето;
- Навремено известување за сите отстапувања од утврдените процеси за безбедност и здравје при работа, воочените нови ризици и појавата на вонредни ситуации.

Врвното раководство на компанијата редовно поставува годишните цели на ниво на друштво со што овозможува остварување на поставените општи цели и остварувањете на оваа политика.

## Општи цели за безбедност и здравје при работа:

- Континуирано подобрување на системот за управување со безбедност и здравје при работа
- Континуирано следење и имплементирање на нови трендови и практики
- Континуирано подобрување на ефективноста и ефикасноста на системот за управување со безбедност и здравје при работа
- Континуирано управување со ризиците од аспект на безбедност и здравје при работа
- Континуирано спроведување на мерките и контролите за безбедност и здравје при работа со цел спречување на настанување инциденти, повреди и болести поврзани со работата.

Оваа политика претставува рамка за промовирање на култура на безбедност, континуирано подобрување и одговорност во нашата компанија. Од сите вработени се очекува да ги почитуваат принципите за безбедност и здравје при работа и активно да придонесуваат за ефикасност на имплементираниот систем за безбедност и здравје при работа.

Оваа Политика се применува на сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД во државата и во странство.

АЛКАЛОИД, преку својот Код на добавувачи, принципите од Оваа Политика ги пренесува и кон своите добавувачи на начин на кој им наметнува обврска да се однесуваат и да го водат своето деловно работење во согласност со позитивните законски прописи за безбедност и здравје при работа.

[1] Оваа верзија на Политиката за безбедност и здравје при работа на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ